Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19 и 93/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 септември 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со ова решение престанува да важи Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-146/15 од 23 ноември 2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.208/15) издадено на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с.Теново – Брвеница, за фотонапонската електроцентрала „ТЕНОВО 3".

2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ШАРРИ ДООЕЛ с.Требош, Желино, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 21 септември 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с.Теново – Брвеница е носител на Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-146/15 од 23 ноември 2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.208/15) и Одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-147/15 од 23 ноември 2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.208/15) донесени од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

Операторот на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје на 2 септември 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика достави Известување бр. 10-3152/2 од 1 септември 2022 година, со кое известува дека повластениот производител ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с.Теново – Брвеница, доставило Известување за раскинување на Договори за откуп на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за ФВЦ ТЕНОВО 2, ФВЦ ТЕНОВО 3 и ФВЦ ТЕНОВО 4, со кое еднострано го раскинува договорите, согласно член 193 став (5) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), член 29 став (3) од Правилата за пазар на електрична енергија и член 19 од Договорот заклучно со 20.09.2022 година во 24:00 часот.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 23, став (2), од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа до Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с.Теново – Брвеница достави Известување дека е отпочната постапка за одземање на статус повластен производител на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с.Теново – Брвеница, за ФЕЦ "ТЕНОВО 2", ФЕЦ "ТЕНОВО 3" и ФЕЦ "ТЕНОВО 4".

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 23, став (4), од Правилникот за лиценци изготви Предлог решение за престанок на важење на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија. Предлог - решението, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-ххх/1 од хх септември 2022 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 9 септември 2022 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - решението од страна на присутните.

Согласно член 20 став (1) точка 3 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19 и 93/21) Статусот повластен производител престанува да важи со одземање на статусот повластен производител од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 23 став (1) точка 4 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Регулаторната комисија за енергетика отпочнува постапка за одземање на статусот на повластен производител ако повластениот производител го раскине договорот за откуп на електрична енергија по повластени тарифи склучен со Операторот на пазар на електрична енергија.

Согласно член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Регулаторната комисија за енергетика донесува решение за престанок на решението за стекнување на статус на повластен производител и одлука за престанок на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 08-146/15**
**9 септември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**